Врз основа на член 14 став 4 и 15 од Законот за јавните патишта („Службен весник на РМ” бр.84/2008, 52/2009, 114/2009, 124/10, 23/11, 53/11, 44/12, 168/12, 163/13, 39/14, 42/14, 166/14, 44/15, 116/15, 150/15, 31/16, 71/16, 163/16 и „Службен весник на РСМ” бр.174/21, 253/23, 224/24, 135/25 и 269/25), член 22 став 1 точка 4 од Законот за локалната самоуправа („Службен Весник на РМ” бр.5/02 и 202/24) и член 38 став 1 точка 12 од Статутот на Општина Гевгелија („Службен гласник на Општина Гевгелија” бр.25/2006, 8/2010, 18/2014, 13/2020, 2/2021, 3/2021 и 5/2021), Советот на Општина Гевгелија, на седницата одржана на ден 27.05.2026 година, донесе:

# ПРОГРАМА
## за измена и дополнување на Програмата за изградба, реконструкција, рехабилитација, одржување и заштита на општинските патишта и улици во Општина Гевгелија за 2026 година

### Член 1
Во Програмата за изградба, реконструкција, рехабилитација, одржување и заштита на општинските патишта и улици во Општина Гевгелија за 2026 година („Службен гласник на Општина Гевгелија“ бр.27/2025), во член 2 став 1, износот „88.532.252,00“ денари, се заменува со износот „95.871.507,00“ денари.

### Член 2
Во членот 2, табелата се заменува со нова табела:

| | J | | Комунални дејности | 95.871.507,00 |
|---|---|---|---|---|
| 1 | | Ј6 | Одржување и заштита на локални патишта и улици и регулирање на режим на сообраќај | 1.000.000,00 |
| 2 | | ЈД | Изградба и реконструкција на локални патишта и улици | 91.871.507,00 |
| 3 | | ЈФ | Изградба на сообраќајна сигнализација | 3.000.000,00 |
| | | | ВКУПНО ПРИХОДИ | 95.871.507,00 |

### Член 3
Во член 3 став 1, износот „88.532.252,00“ денари, се заменува со износот „95.871.507,00“ денари.

### Член 4
Во членот 3, во табелата во делот „Програма Ј6, Потпрограма Ј60 – Одржување и заштита на локални патишта и улици и регулирање на режим на сообраќај“, износот „3.000.000,00“ се заменува со износот „1.000.000,00“.

### Член 5
Во членот 3, во табелата во делот „Програма ЈД – Изградба и реконструкција на општински патишта и улици“, износот „82.532.252“ се заменува со износот „91.871.507,00“.

Во истата Програма ЈД, во делот „потпрограма ЈД0 - Изградба и реконструкција на општински патишта и улици“, износот „26.696.171,00“ се заменува со износот „36.038.426,00“.

Во истата „потпрограма ЈД0“, во глава „3. Изградба на улици и патишта“, по точка 3.1.4. се додаваат две нови точки 3.1.5. и 3.1.6:

| | ЈД | ЈД0 | | | | Изградба и реконструкција на општински патишта и улици | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | 3 | | | Изградба на улици и патишта | |
| | | | | | 3.1.5. | Изградба на дел од ул.6, дел од ул.Борис Кидрич и ул.5 согласно планска документација за дел од блок 11(11.3) Гевгелија | |
| | | | | | 3.1.6. | Изградба на дел од улица „Павел Шатев“ 1 и улица „Галилео Галилеј“, Општина Гевгелија | |

Во Програма ЈД, во делот „потпрограма ЈДФ - Изградба на улица „Новопланирана 7“ во блок 3.1 Гевгелија “, износот „1.712.859,00 “ се заменува со износот „1.709.859,00“.

**Член 6**

Во членот 3, во делот „Вкупно“, износот „88.532.252,00“ денари, се заменува со износот „95.871.507,00“ денари.

**Член 7**

Во членот 3, табелата се заменува со нова табела:

| Надлежност | Програма | ОПИС НА ПРОГРАМИТЕ | ИЗНОС |
|---|---|---|---|
| **J** | | **КОМУНАЛНИ ДЕЈНОСТИ** | **95.871.507,00** |
| | **J6** | Одржување и заштита на локални патишта и улици и регулирање на режим на сообраќај | 1.000.000,00 |
| | **JД** | Изградба и реконструкција на локални патишта и улици | 91.871.507,00 |
| | **JФ** | Изградба на сообраќајна сигнализација | 3.000.000,00 |
| | | **ВКУПНО РАСХОДИ** | **95.871.507,00** |

**Член 8**

Оваа Програма влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Гевгелија”.

Бр.09-803/1
27.05.2026 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија

***Анета Стамкова***

**с.р.**